# Дневна хемеротека за *25.11.2015г.*

## Алсат-М – *Казни за загадувачи во Тетовско, Југохром не е меѓу нив*

ALSAT M

## Казни за загадувачи во Тетовско, Југохром не е меѓу нив

21:29, 24 ноември

Сподели ја веста:



Околу 30.000 евра казна се изречени на територијата на општина Тетово за правни лица кои го загадуваат воздухот. Но, на прашањето за загадувањето кое го врши „Југохром“ и дали кон овој комбинат се изречени казни, од општина Тетово велат дека кон него не се преземени мерки бидејќи овој комбинат дејствува надвор од административната територија на општината.

„Општина Тетово двапати по ред писмено побара од Владата на Република Македонија повторно да ја разгледа одлуката која е донесена од нивна страна, со што му овозможија на индустрискиот загадувач да продолжи со своето работење уште две години без да инсталира филтри. Досега ова барање на општина Тетово е примено на разгледување во Владата, но сè уште немаме одговор или разрешница...“.

Од друга страна, иако загадувањето на воздухот од страна на „Југохром“ се врши од границите на општина Јегуновце, нејзиниот прв човек не дава податоци дали комуналниот инспекторат преземал некакви мерки против комбинатот.

Општина Јегуновце која е директно засегната од загадувањето на воздухот поради тоа што Југохром се наоѓа на нејзина територија, како и вообичаено за новинарите и понатаму останува затворена и не објавува никаква информација во јавноста за тоа што се случува со инспекторатот од оваа општина и дали се преземаат мерки или не кон загадувачите. Денеска неколкупати се обидовме да исконтактираме како со членови на општината, така и со градоначалникот на општина Јегуновце, господинот Тони Коцевски, кој не одговараше на нашите повици.

Мерки против „Југохром“ освен општина Јегуновце, треба да преземе и Министерството за екологија и неговиот инспекторат, како што е предвидено со член 19 од Законот за заштита на животната средина. Правниците велат дека непреземањето мерки против овој феномен е казниво со закон и оти некој треба да понесе одговорност. Прстот го посочуваат кон тетовското обвинителство.

„Не верувам дека тетовското обвинителство не чуло дека загадувањето кое се случува е постојано, бидејќи не станува збор за случајно или еднократно загадување, туку ова загадување се случува постојано и е спротивно на европските директиви. Колку што јас знам, Југохром е главниот емитувач на тие штетни честички. Мислам дека и граѓанските иницијативи, било писмено било преку петиција, треба да се обратат до обвинителството за да целосно да ја процесуира постапката“, рече Проф. д-р Сејфула Османи, правник.

Во тетовското обвинителство досега се покренати две тужби против „Југохром“, една од партијата ДОМ, а другата од невладината „Еко Герила“, но сѐ уште нема одговор дали е почната судска постапка.

Башким Сулејмани

**Portalb - *Jugohromi i paprekur nga paditë***

PORTALB
dritare realiteti

# Jugohromi i paprekur nga paditë

Xh. S. lexuar 89 0 Tetovë 14:21 më 24/11/2015



Fabrika - Jugohrom

Lajme lidhur me temën


Izairi akuzon qeverinë se është fajtore për mos mbylljen e "Jugohromit"


Drejtori i Jugohromit: Nu jemi ndotësit e vetëm


"Nëna dhe Fëmija" letër t hapur Teuta Arifit: Banor e Tetovës po helmohen!



Tetovë, ajri i dëmshëm, t revoltuar kërkojnë masa urgjente nga zyrtarët!

Rreth 30 000 euro gjoba janë shqiptuar në territorin e komunës së Tetovës, për personat juridik që kanë bërë ndotjen e ajrit. Por, të pyetur për ndotjen që bën Jugokromi dhe nëse ndaj këtij kombinati janë vendosur gjoba, nga komuna e Tetovës thonë se ndaj tij nuk janë ndërmarrë masa shkaku se ky kombinat vepron jashtë territorit administrativ të komunës së Tetovës, por disa herë është reaguar në Qeveri, njofton Alsat-M.

"Komuna e Tetovës 2 herë radhazi me shkresë, ka kërkuar nga Qeveria e RM që të rishikojë vendimin e marrë nga ana e tyre që ti mundësojnë këtij ndotësi industrial të vazhdojë punën e tij, edhe për 2 vite tjera, pa instaluar filtra. Deri më tani kjo kërkesë e komunës së Tetovës është pranuar për shqyrtim në qeveri, mirëpo ende nuk kemi një përgjigje apo epilog për sa i përket kësaj problematike" , theksojnë nga Komuna e Tetovës.

Nga ana tjetër, edhe pse ndotja e ajrit nga Jugohromi bëhet në komunën e Jegunocit, drejtuesit e saj nuk japin të dhëna, nëse inspektorati komunal ka ndërmarrë ndonjë masë ndaj tij.

## Алсат-М - [Министерот за екологија против тврдењата на директорот на Југохром]

ALSAT M

# Министерот за екологија против тврдењата на директорот на Југохром

23:19, 22 ноември

Сподели ја веста:



Министерот за екологија, Нурхан Изаири ги негира тврдењата на директорот на Југохром дека причина за не поставување филтри се институционални пречки кои се прават од нив и од страна на општината. Изаири изјави дека досега имале рок два пати по шест месеци да ја започнат постапката на поставување филтри, но ништо не е направено во овој правец.

"Мислам дека институционалните пречки не се причина, бидејќи со владината одлука од минатата година рокот за усогласување на оперативниот план беше продолжен за две години, под услов во првите шест месеци да има напредок во спроведувањето на оперативниот план. Ниту по првите, ниту по вторите шест месеци тие не сторија ништо а очигледно е дека некој за тоа не им прави опструкции ", вели Изаири.

Според Изаири Владата досега требала да преземе мерки и посериозно да се занимава со ова прашање. Тој не се чувствува воопшто виновен затоа што досега, Министерството за животна средина, во два наврата испратила препорака до Владата да ја запрат работата на Југохром се до поставување на филтри.

"Побаравме и пред една година Владата да не го продолжува рокот. Ние и пред шест месеци за Владата изготвивме информација со која информиравме дека дека тие не направиле ништо и според тоа, владата требаше да донесе одлука за затварање, но не го направи тоа. Владата е колективен орган, има премиер кој го одредува дневниот ред, јас тоа не го правам, јас ја работам мојата работа во согласност со законот и го информирам населението, а владата треба и се надевам дека наскоро ќе расправа за ова прашање и ќе донесе одлука во корист на населението ", додава Изаири.

На следната владина седница каде се очекува да се разговара за ова прашање, според Изаири не се очекува да се донесе одлука за давање дополнителен рок на Југохром, туку мерка за прекин на работата се до поставување на филтрите.

Башким Сулејмани

## Portalb - *Izairi akuzon qeverinë se është fajtore për mos mbylljen e "Jugohromit"*

PORTALB
dritare realiteti

# Izairi akuzon qeverinë se është fajtore për mos mbylljen e "Jugohromit"

S. B. lexuar 105 1 Shkup 21:20 më 23/11/2015



Nurhan Izairi

### Lajme lidhur me temën



Jugohromi i paprekur nga paditë



Ndotja, Izairi përgënjeshtron drejtorin e Jugohromit



Drejtori i Jugohromit: Nuk jemi ndotësit e vetëm



Shpërblehen fotografitë m të mira për ndryshimet klimatike

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Nurhan Izairi në intervistën për emisionin "10 Minuta" foli për problemin e ndotjes masive të ambientit jetësor në Maqedoni, por ai për herë të parë sqaroi në detaje këtë problematik.

Duke komentuar çështjen e ndotjes masive në Shkup dhe Tetovë dhe përgjegjësinë e tij si drejtues i Ministrisë së Ambientit Jetësor, ministri Izairi tha se të gjithë qytetarët kanë përgjegjësi për përmirësimin e mjedisit jetësor.

"Unë jam këtu për të ju dhënë një porosi të gjithëve të cilët marrën pjesë në ketë proces, të jemi të gjithë të bashkuar , unë siç e dini nuk mund të obligojë cdo njeri tani pasi që jemi në sezonin e djegies dhe nuk mund të vijë në shtëpinë e secilit prej jush", thotë Izairi.

Ministri Izairi tha se për punën e ndotësit kryesor "Jugohrom" në Pollog, përgjegjësinë e ka Qeveria.

"Njëri nga ndotësit është i ashtuquajturi kombinati i "Jugohromit", e kamë përmendur disa herë por po e përsërisë edhe njëherë se kaloj 1 vjet nga ajo që qeveria ia pat dhënë afatin gjegjësisht prolongimin e afatit për montimin e filtrave, deri tani ata kanë punuar në dokumentacion teknik, por në gjendjen reale në teren shumë pak kanë punuar", tha ai.

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor tha se do të angazhohet maksimalisht për të përmirësuar gjendjen lidhur me ndotjen e ambientit jetësor.

## Дневник – Од МВР одбиле пар-непар, улиците интензивно ќе се прскаат

Дневник ONLINE

ЌЕ СЕ ИЗРАБОТУВА ЧЕТИРИГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО

### ОД МВР ОДБИЛЕ ПАР-НЕПАР, УЛИЦИТЕ ИНТЕНЗИВНО ЌЕ СЕ ПРСКААТ



**Доколку дојде до големо загадување во текот на зимските месеци, ќе се применат многубројни мерки, но една од нив нема да биде пред неколку децении применетата пар-непар, информираа** надлежните од Секторот за животна средина при Град Скопје на седница на советнички прашања, на која една од темите беше загадениот амбиентален воздух. Причина за такво нешто, како што објасија одговорните, е фактот дека градската власт предложила, но од Министерството за внатрешни работи го одбиле овој предлог.

Станува збор за мерка во согласност со која еден ден по скопските улици возат автомобилите чии регистарски таблички имаат почетен или краен парен број, а друг ден оние со непарен. Оваа стратегија беше популарна во 80-тите години од минатиот век. Таа беше применета поради недостиг од бензин на пазарот.

Воздухот бил полош пред 15-20 години

- Во однос на воведувањето на посебниот сообраќаен режим за патничките возила при алармантни состојби на загадување, Градот имаше предлог до Министерството за внатрешни работи и работната група која работеше на измените на Законот за безбедност на сообраќајот да се даде законска можност за пар-непар возење на возилата во овие ситуации, но тоа не беше прифатено и, најверојатно, ќе биде тешко спроведлива мерка која сме ја планирале од порано - појасни Цветанка Икономова-Мартиновска, раководител на Секторот.

Она кон кое градската власт ќе се ориентира долгорочно е прскање на улиците со калциуммагнезиумацетат. За разлика од лани и годинава, кога прскањето на улиците се води како тест-период и во кој градската власт е задоволна со намалување на концентрациите од 20 до 30 отсто, до средината на 2016 година предвидено е да биде изработен четиригодишен акциски план за употреба на средството и во наредните години.

- Во согласност со странските искуства, средството успешно се користи за прскање на сообраќајниците заради намалување на загадувањето, по пат на врзување на ПМ10-честичките и нивно спуштање на подлогата. Потребната опрема е набавена, а по пат на јавна набавка е склучен договор со испорачувач на средството со дефинирана цена за тон, а со порачка на средството во согласност со потребите и условите - се вели во програмата за животна средина за 2016 година, усвоена вчера на седница на Советот.

В година за набавка на ова средство, доколку има услови за негова апликација, предвидени се 2,5 милиона денари, пари кои ќе се издвојат од буџетот.

Главен услов за прскање на улиците со наведеното средство е загадувањето да ги надмине дозволените концентрации десет дена по ред.

Деновите кога се надминати граничните вредности на концентрациите на ПМ10-честичките биле 26, 27 и 28 октомври оваа година - рече Икономова-Мартиновска.

- Концентрациите беа зголемени еден и пол до два пати на одредени места во градот. По однос на констатацијата дека се очекува концентрацијата да се зголеми и до 20 пати, тоа не е точно. Наназад дваесет години тоа не се има случено, поточно не е измерена таква концентрација - потенцира таа додавајќи дека точен е фактот оти ова загадување влијае на здравјето на луѓето и поради тоа тесно соработуваат со Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје во изработката на стратегијата за здравје и животна средина.

Според неа, квалитетот на воздухот бил далеку полош пред 15 или 20 години поради зголемените концентрации на сулфурниот диоксид. Како пример ја даде 1993 година кога градот бил енормно загаден. Состојбите, рече таа, се измениле со измените на регулативата за увоз на течните нафтени деривати. Последниве 10 години загадувањето се должи на ПМ10-честичките.

Бесплатен автобуски превоз

Освен прскање на улиците со калциуммагнезиумацетат доколку дојде до зголемено загадување десет дена по ред, друга мерка која ќе се примени, а која е анализирана заедно со ЈСП „Скопје", е воведување бесплатен автобуски превоз и тоа во деновите кога загадувањето е зголемено повеќе од 10 дена.

Во зимските месеци комуналната инспекција редовно врши од 5 до 10 контроли на градилиштата и на возилата што излегуваат од таму, а улиците редовно ги мие „Комунална хигиена" со цел да се намали концентрацијата на прашина во воздухот.

- Во изминатиот период изречени се 73 мандатни казни од по 200 евра. Во однос на возилата за дотур на стока подготвена е објава уште минатата година за забрана за работа по 10 часот наутро и ако има потреба веднаш ќе стапи во сила. Воведен е посебен сообраќаен режим за тешките товарни возила со тоа што ако не им е крајна дестинација градот, се упатуваат по обиколницата - информираат градските власти.

**Јорданка Ивановска**

## НОВИ ДРВОРЕДИ СО 5.000 САДНИЦИ

Градската власт во текот на ноември ќе засади нови дрвореди со 5.000 дрворедни садници, информира раководителката на Секторот за животна средина, Цветанка Икомова-Мартинивска. Со Денот на дрвото на територијата на градот ќе бидат засадени околу 2.000 садници, а во околината околу 90.000 садници.

- Во печат е практичниот водич за работа на градилиштата, брошура за квалитетно согорување која ќе им се дели на граѓаните во смисла какво дрво користат за греење и какви печки за согорување. Редовни учесници сме во Европската недела на мобилноста и трајните мерки кои во иднина треба да се преземат за подобрување на квалитетот на воздухот секако е гасификацијата на Скопје за која сите сме заинтересирани - појасни таа на Седницата на Советот на Скопје на прашање од опозицијата во врска со загадувањето во метрополата.

## ГРЕЕЊЕТО СО ДРВА Е ГЛАВЕН ЗАГАДУВАЧ НА СКОПЈЕ

Во текот на 2016 година градската власт ќе изработи елаборат за испитување на загадувањето на амбиенталниот воздух од согорувањето на дрвото како средство за затоплување. Целта е да се обезбедат податоци за загадувањето на воздухот од согорувањето на дрвата што се користат за затоплување, а и да се предложат мерки за намалување на загадувањето на воздухот при затоплување со дрва.

- Многу голем процент од домаќинствата на подрачјето на Скопје користат индивидуално затоплување, при што најчест енергент е дрвото. Согорувањето на дрвата е еден од позначајните извори на загадувањето на амбиенталниот воздух - сметаат градските власти.

За изработка на елаборатот со буџетот на Град Скопје за 2016 година предвидени се средства во износ од 950.000 денари.

# АлфаТВ - *Како да се намали загадувањето? Мерки нема, препораки има!*

Алфа ТВ
ВЕСТИ

## Како да се намали загадувањето? Мерки нема, препораки има!

**Освен да не се возат стари коли, министерството за животна средина без конкретни мерки против загадувањето на воздухот.**

24.11.2015 19:09:14




Освен да не се возат стари коли, министерството за животна средина без конкретни мерки против загадувањето на воздухот. Правеле анализа- кој колку загадува, па потоа ќе излезеле со став. Сега остануваат на препораките до општините, што да прават ако повеќе од пет дена има висока концентрација на Пи Ем 10 честичките
Дека загадувањето е најголем еколошки проблем во земјава, министерот изјави и пред претставниците на 35 земји членки на светската здравствена организација кои во Скопје два дена ќе состанчат како до подобра животна средина. Претставникот од земјава апелира до надлежните, загадувањето да биде високо на нивната агенда
Податоците од последиците од неквалитетниот воздух се фрапантни
-Повеќе стотини смртни случаи годишно и со неколку милиони евра економски трошоци како последица од истото-велат од министерството за здравство

Невладините пред неколку дена алармираа дека греењето, сообраќајот, градежништвото и фабриките се најголемите загадувачи, а прскањето со ацетат не е единствената мерка. Градот пак според првичните резултати тврди дека прскањето дава позитивен ефект, но за конкретна слика ќе почекале уште неколку дена. Цистерните прскаат по големите улици во Центар, Аеродром, Лисиче
Денеска не се прскаше поради дождот кој пак го расчисти смогот над Скопје. Во населбата Лисиче каде периодов аерозагадувањето достигна и до десет пати над дозволеното, полесно се дише. Но, како што се затемнуваше, кругот на загадување ја менуваше бојата...

## МИА - Состанок на извршното тело на Европскиот процес за здравје и животна средина

СРЕДА, 25 НОЕМВРИ 2015, 10:59:22

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија

### Состанок на извршното тело на Европскиот процес за здравје и животна средина

Препорачај 0

вторник, 24 ноември 2015 12:01




**Скопје, 24 неоември 2015 (МИА)** - Управување со ризиците од аерозагадувањето, управувањето со разни видови отпад, еколошките проблеми како и климатските промени беа тема на денешниот состанок на извршното тело на Европскиот процес за здравје и животна средина, како дел од подготовките за следната 6. министерска конференција за здравје и животна средина која ќе се одржи во 2017 година.

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири во своето обраќање истакна дека Министерството за животна средина и просторно планирање го става епропскиот процес на многу високо ниво, при што со дел од своите постигнувања придонесува кон целите кои ги има зацртано во периодот после Конференцијата во Парма.

- Би ги одбележал нашите активности во областа на климатските промени каде се изготвени безмалку сите потребни стратешки документи и акциски планови на национално и дел на локално ниво и во областа на заштитата на квалитетот на воздухот во која подолго време сме дел од Твининг програми финансирани од ЕУ за подобрување на легислативата, мониторингот и инфраструктурата за управување со квалитетот на воздухот, рече Изаири.

Потенцира дека Министерството за животна средина и просторно планирање, на највисоко ниво активно ќе учествува во процесот на подготовка на министерската конференција за здравје и животна средина во 2017 година.

Заменик министерот за здравство Јовица Андовски нагласи дека Министерството за здравство го става процесот на здравје и животна средина на високо место во својата агенда, како што рече, поради причината што граѓаните секојдневно се соочуваат со ризици по здравјето кои доаѓаат од животната средина.

- Овие загадувања особено загадувањето на воздухот има евидентни сериозни последици по здравјето со повеќе стотини смртни случаи годишно и со неколку милиони евра економски трошоци како последица од истото, истакна Андовски.

Потсети дека е формиран и посебен Комитет во Владата на РМ за здрава и животна средина. Информира дека во тек е изготвување на акциските планови за здрава животна средина кои се дел од стратегијата за здравје до 2020 година.

Овие два дена во Скопје 67 претставници од 35 држави, ќе разговараат и за приоритетите во европскиот регион во областа на здравјето и животната средина. На конференцијата во 2017 година министрите за здравство и животна средина од 53 земји од евопскиот регион ќе ги преземат обврските за редефинирање на политиките во двете области. бк/са/**11:30**

## Канал5 - *Состанок на извршното тело на Европскиот процес за здравје и животна средина*

Управување со ризиците од аерозагадувањето, управувањето со разни видови отпад, еколошките проблеми како и климатските промени беа тема на денешниот состанок на извршното тело на Европскиот процес за здравје и животна средина, како дел од ...

## Сител - *Состанок на извршното тело на Европскиот процес за здравје и животна средина*

Управување со ризиците од аерозагадувањето, управувањето со разни видови отпад, еколошките проблеми како и климатските промени беа тема на денешниот состанок на извршното тело на Европскиот процес за здравје и животна средина, како дел од

## Lider - *Состанок на извршното тело на Европскиот процес за здравје и животна средина*

Управување со ризиците од аерозагадувањето, управувањето со разни видови отпад, еколошките проблеми како и климатските промени беа тема на денешниот состанок на

## Денешен - *Состанок на извршното тело на Европскиот процес за здравје и животна средина*

Управување со ризиците од аерозагадувањето, управувањето со разни видови отпад, еколошките проблеми како и климатските промени беа тема на денешниот состанок на...